РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-896/1
26 -02- 2025 г./v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ бр.12/19), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по пријава поднесена од непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 15-тата седница одржана на ден 21.02.2025 година ја донесе следната

## ОДЛУКА

Постапката по предметот оформен по пријава со број 12-1457/1 од 19.04.2024 година, во која се изнесени сомневања за прекршување на одредбите од Изборниот Законик и Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси во вториот круг на локалните избори одржани во 2021 година, **СЕ ЗАПИРА**.

ДКСК утврди дека, согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за натамошно постапување, поради тоа што не се потврдуваат наводите од пријавата.

Предметот со број 12-1457/1 од 19.04.2024 година да се затвори и да се архивира.

Одлуката на ДКСК во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

### О б р а з л о ж е н и е

Државната комисија за спречување на корупцијата оформи предмет со број 12-1457/1 по пријава, во која се изнесени сомневања за прекршување на одредбите од Изборниот Законик и Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси во вториот круг на локалните избори, одржани во 2021 година. Подносителот во пријавата наведува дека на ден 21.10.2021 година, односно 10 дена пред одржување на вториот круг на локалните избори во 2021 година, Градоначалникот на Општина -------------------- им исплатил вкупно 140,000.00 денари на лицата: ------------------------ вработен во Општина -------------------------, ---------------------------- вработен како наставник и ---------------------- како бизнисмен.

Заради утврдување на фактичката состојба по оформениот предмет, ДКСК се обрати со барање за доставување на податоци до Општина -----------------------, од каде побара информација за конкретниот случај и прилог документација.

На ден 16.08.2024 година, до ДКСК е доставен одговор со прилог документација од страна на Општина -------------------------- во кој се наведува дека во периодот кога течел рокот за одржување на локалните избори 2021 година, општината била известена од страна на Општинската изборна комисија -------------------------, дека нема да можат да спроведат постапка за избор на физички и правни лица, кои ќе вршат превоз на изборен материјал и избирачки одбори до избирачките места, бидејќи наиделе на потешкотии околу организација на превозот. Поради настанатата ситуација, општината објаснува дека биле принудени да се најде решение за надминување на ситуацијата, поради што склучила договори со долунаведените лица:

-Договор бр.--------/--- од 15.10.2021 година со лицето -------------------;
- Договор бр.--------/--- од 15.10.2021 година со лицето --------------------;
- Договор бр.------------/--- од 15.10.2021 година со лицето ---------------------.

Во договорите се содржани задолженија за релациите и оддалеченоста поединечно за секое избирачко место, со предвиден износ на надомест за секоја релација поединечно.

Во насока на целосно утврдување на фактичката состојба по оформениот предмет, ДКСК повторно се обрати со Барање за доставување на информации до Општина --------------------.

На ден 14.11.2024 година, до ДКСК е доставено известување од Општина --------------------- со прилог документација, во кое е наведено дека на ден 10.10.2021 година, Државната изборна комисија ја информирала општината дека согласно член 88 став 4 од Изборниот Законик на РСМ („Службен Весник на Република Македонија“ бр.40/06....27/19 и „Службен Весник на Република Севрена Македонија“, број 98/19.....215/21), при организирањето и спроведувањето на локалните избори 2021 година, сите трошоци поврзани со изборните органи (општинската изборна комисија и избирачките одбори), како и трошоците за транспорт на изборниот материјал и членовите на избирачките одбори од Општинската изборна комисија до избирачкото место, каде ќе се врши гласањето и назад до Општинските изборни комисии, како и трошоците за транспорт на изборниот материјал, кои задолжително се враќаат во ДИК по завршување на гласањето, се на товар на буџетите на единиците на локалната самоуправа (општините и Град Скопје). Општинската изборна комисија како изборен орган нема надлежност за спроведување на постапка за јавна набавка за транспорт на избирачки материјал и членови на избирачки одбори на локално ниво и истата не е правен субјект, поради што не може да спроведува постапки за јавни набавки ниту пак да склучува договори за јавни набавки.

Државната изборна комисија известила дека согласно Изборниот Законик, истата има надлежност само за обезбедување на средства на изборниот материјал до општинските изборни комисии, а во однос на законската обврска за транспорт на изборен материјал и членови на избирачки одбори, Општина --------------------- е обврзана да постапи, бидејќи во спротивно ќе сноси директна законска одговорност.

Имајќи го предвид горенаведеното, ДКСК констатира дека Општина ---------------------- во периодот на одржување на локалните избори 2021 постапила во согласност со член 88 став 4 од Изборниот Законик („Службен Весник на РСМ бр.40/2006, 127/2006, 136/2008, 155/2008, 163/2008, 44/2011, 51/2011, 54/2011, 142/2012, 31/2013, 34/2013, 14/2014, 30/2014, 32/2014, 31/2015, 196/2015, 35/2016, 97/2016, 99/2016, 136/2016, 142/2016, 57/2017, 67/2017, 125/2017, 35/2018, 99/2018, 140/2018, 208/2018, 27/2019, 98/2019, 146/2019, 42/2020, 72/2020, 160/2020, 74/2021 и 215/2021, поради што склучила договори со горенаведените лица и видливо во Изводот на промет и состојба на сметка на Општината, е дека им исплатила финансиски средства во износ од 155,556.00 денари по основ на извршени договорни услуги за превоз на изборен материјал.

Имајќи го предвид горенаведеното, ДКСК утврди дека нема елементи за натамошно постапување, поради тоа не се потврдуваат наводите од пријавата и оттаму, одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**Претседател**

**Татјана Димитровска**

Изготвил: м-р Ф.Ј., советник

Согласен: м-р И.П., раководител на сектор

Одобрил: м-р Б.К.Ш., Член на ДКСК